**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# I. ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган: Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: "Даме Груев", бр. 14 - Скопје, има потреба од набавка на услуга – печатење на материјали за потребите на Министерството за финансии (книги, брошури, билтени, извештаи, програми и др), на македонски и англиски јазик.

За таа цел, договорниот орган: Министерството за финансии спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка во согласност со член 64, став 1 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија", бр. 136/2007 и бр.130/2008).

Лица за контакт во врска со предметот на набавката: Рената Давиткова, телефон (02)3106-234, електронска адреса: renata.davitkova@finance.gov.mk или Татјана Трајковска, телефон (02)3106-173, факс (02)3230-378, електронска адреса: tatjana.trajkovska@finance.gov.mk.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет за јавна набавка најдоцна до **24.02.2010 година, до 12,00 часот,** по пошта или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии.

Кон оваа покана е приложена тендерска документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата. Молиме, при изготвувањето на понудата економските оператори да ги користат оригиналните обрасци кои се составен дел на тендерската документација.

Заинтересираните економски оператори можат да ја подигнат тендерската документација секој работен ден од 09,00 до 16,00 часот во главната зграда на Министерството за финансии (ул. "Даме Груев", бр.14 - Скопје), I кат, канцеларија број 12.

Тендерската документација е достапна и во електронска форма на ВЕБ страницата на Министерството за финансии: www.finance.gov.mk.

Тендерската документација може да се земе без надоместок.

Само економските оператори што подигнале тендерска документација, односно го потврдиле преземањето на тендерската документација со потпис или со праќање на мејл на горните електронски адреси имаат право да доставаат понуда за учество во постапката.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат во хартиена форма по пошта или со предавање во писарницата или по мејл на горенаведените електронски адреси.

Сите одговори на поставените прашања или дадените појаснувања, без да се идентификува економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување, ќе бидат објавени на ВЕБ страницата на договорниот орган. Исто така, одговорите и појаснувањата ќе им бидат доставени и на електронските адреси на економските оператори што при потврдувањето на преземањето на тендерската документација ги доставиле своите електронски адреси. На ист начин ќе бидат доставени и евентуалните измени ма тендерската документација.

Отворање на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на **24.02.2010 година**, во **12.00 часот**, во просториите на Министерството за финансии, ул.“Даме Груев“, бр.14, Скопје, III кат, во салата за состаноци.

Економските оператори се должни, заедно со понудата, да достават и гаранција на понудата во вид на банкарска гаранција во висина од 3% од вкупната вредност на нивната понуда.

Во Скопје
28.1.2010 година

Комисија за јавни набавки
Претседател

Тахир Шакири